Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат
http://www.sei.gov.mk/

ЗАПИСНИК
за извршен инспекциски надзор
бр. ИП1-09-03
Датум 18.01.2023 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здравствена установа-Природно лекувалиште НЕГОРСКИ БАЊИ АД с.Негорци | |
| Кратко име | ЗУПЛ НЕГОРСКИ БАЊИ АД с.Негорци, Гевгелија | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.„ Маршал Тито “ ББ с.Негорци, 1480 Гевгелија | |
| Адреса за е-пошта | info@negorskibanji.com.mk | |
| Телефон | 034 231 174 ; 034 231 175 | |
| Матичен број на субјектот | 4023803 | |
| Даночен број на субјектот | 4006974101230 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 210040238030118 | |
| Банка депонент | НЛБ Банка АД Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: Извршен член на одбор на директори | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Димитар Јаневски<br>ЕМБГ | | info@negorskibanji.com.mk |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | **1. РЕДОВЕН** | 2. ~~ВОНРЕДЕН~~ | 3. ~~КОНТРОЛЕН~~ |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 18.01.2023 | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.01.2023 | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ЗУПЛ НЕГОРСКИ БАЊИ АД с.Негорци, Гевгелија | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 86.10 – Дејности на болниците<br>(природно лекувалиште со користење термоминерални води) | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул.„ Маршал Тито “ ББ с.Негорци, 1480 Гевгелија | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

~~1.~~ месечниот план за работа на инспекциската служба за месец Јануар 2023 година;
~~2. налог издаден од раководителот на инспекциската служба,бр. _____ од ______ година;~~
~~3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. _______ од ______ година;~~
~~4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број ______ од ______ година.~~

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот / ите кој / и го извршил / е надзорот):

1.Тони Димески , државен водостопански инспектор

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

Редовен инспекциски надзор, согласно месечен план за Јануар 2023 год.Увидот се врши според член 230 став (1) точка 5); 19) и 33), а во врска со член 26, 28, 29, 207 и 213 од Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021), како и врз основа на член 69,79,82 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на Р.М бр.102/2019)

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

~~1.~~ Се употребени листи за проверка ,Листа за проверка ќе биде Дозволата за користење вода

~~2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):~~

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Димитар Јаневски | | info@negorskibanji.com.mk |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1 | | |

9)Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзорот: Со известувањето бр.09-01/1 од 10.01.2023 год. субјектот на надзорот е запознаен со неговите права и обврски и целта на инспекцискиот надзор, согласно член 62, член 63 и член 64 од Законот за инспекциски надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Правниот субјект ЗУПЛ НЕГОРСКИ БАЊИ АД с.Негорци, Гевгелија врз основа на Одлука за доделување концесија бр.51-6260/1 од 15.11.2011 год. објавена во (Службен весник на РМ бр.168/2011), со Министерство за економија има склучено Договор за концесија за експлотација на минерална суровина–термоминерална вода на локалитет Негорски Бањи с.Негорци, општина Гевгелија бр. 24-5621/1 од 13.11.2014 г. согласно кој е издадена Дозвола за експлотација бр.24-57/3 од 18.06.2014год.

Правниот субјект ЗУПЛ НЕГОРСКИ БАЊИ АД с.Негорци, Гевгелија, има стекнато водно право согласно Дозвола за користење на подземна термоминерална вода и употреба на објектот со придружните објекти на локалитет “Негорски Бањи“, со бр.УП1-11/5-1308/2021 од 24.02.2022г. издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање,што е во согласност со член 26 и 28 од Законот за водите**.** Термоминералната вода се користи за бањско лекување, загревање на објектите и за тушеви, а се зафаќа – црпи од 2 (два) бунари : бунар Б1 на КП 4026 со Qmax.= 2,0 л/с и Б5 на КП 4673 со Qmax.=6,0 л/с, со вкупна количина на зафаќање од Qmax.= 8,0л/с.

Согласно дел 3 точка 7 и точка 10 од Дозволата, Носителот на дозволата Правниот субјект ЗУПЛ НЕГОРСКИ БАЊИ АД с.Негорци, има поставено и се во функција два пиезометри, а вишокот на термоминерална вода која се користи во системот за затоплување повторно ја враќа - реинектира во реинекционен бунар РБ1 на КП 4673

КО Гевгелија, с.Негорци, Гевгелија, за што има доставено Известување бр. 0302-264 од 22.06.2022 год. до Министерство за животна средина и просторно планирање.

Согласно дел 3 точка 8 од Дозволата, на зафатните објекти бунарите Б1 и Б5 како и на реинекциониот бунар РБ1 вградени се уреди за мерење на протокот – водомери, се врши редовно мерење и се води евиденција за зафатената вода, а се врши и редовна дезинфекција на водата која се користи во процесот на работење во базените.

Согласно дел 5 од Дозволата, Правниот субјект ЗУПЛ Негорски Бањи АД с.Негорци, врши редовно пресметување и плаќање на надоместокот за користење на вода за топлинска енергија од термоминералните води, на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, еднаш месечно, што е во согласност со член 213 став (19) од Закон за водите. На увид беа доставени електронски Изводите од извршени месечни уплата за 2022 год.( за период од 01м./2022год. до 12м./2022 год.)

Од 01.06.2022 год. правниот субјект ЗУПЛ Негорски Бањи АД с.Негорци, пресметува и плаќа за надоместок за користење на вода за топлинска енергија од термоминерални води **30 % од 7 (седум) денари за метар кубен искористена вода**, на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка еднаш месечно, бидеќи водата се враќа во бунар за реинектирање преку систем со кој се обезбедува враќање на вишокот на подземна термоминерална вода која се користи во системот за затоплување и бањско лекување , што е во согласност со 213 став (22) од Закон за водите, за што правниот субјект ЗУПЛ Негорски Бањи АД с.Негорци има доставено Известување бр. 0302-264 од 22.06.2022 год. до Министерство за животна средина и просторно планирање.

**-врз основа на наодот (да се заокружи само едно):**

~~1.~~ не се утрдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;
Работи согласно условите утврдени во Дозволата бр.УП1-11/5-1308/2021 од 24.02.2022 г.

~~**2.** утврдени се следните неправилности во работењето на субјектото на надзор,за што се преземени следните мерки:~~

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/~~ИМАШЕ~~ забелешки.

12) ~~Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:~~

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>Димитар Јаневски | | Печат и потпис на инспекторот:<br><br>Тони Димески | |
| Датум: | 18.01.2023 год. | Датум: | 18.01.2023 год. |
| Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот,да се наведат причините. | | | |